МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2547/2**

# З А П И С Н И К

**Од 63-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 26.04.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани, Анита Латифи ,Ристе Панов и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека, Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции,Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Дарко Антовски-раководител на одделние за човечки ресурси,Љубица Пуцаревиќ-раководител на сектор Логистика во МРТ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ.

Седницата започна во 13:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на запиникот од 62-ра седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП МРТ.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП МРТ.

4. Разгледување и усвојување на Правилник за видео надзор во ЈРП МРТ.

5. Разгледување и усвојување на Упатство за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на запиникот од 62-ра седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 62-ра седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 62-ра седница беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно го усвои записникот од 62-ра седница.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП МРТ.**

Дарко Антовски-раководител на одделние за човечки ресурси пред присутните членови ја објасни потребата од носење на еден ваков Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП МРТ, и истакна дека со истиот се вршат измени и дополнувања на постојниот Правилник за систематизација на работните места во МРТ а согласно законски нормии правила.
Претседателката исто така истакна дека истиот претставува општ акт согласно Сатутот на МРТ и е во надлежност на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■ **Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Правилник за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП МРТ.**

Дарко Антовски-раководител на одделние за човечки ресурси пред присутните членови ја објасни потребата од носење на еден ваков Правилник за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП МРТ, и пред присутните членови исто така објасни од кои причини и според кои законски задолженија се прават ваквите измени во Правилниците.
Членот Ристе Панов напомена дека ваков правилник е неопходен за донесување бидејќи се предвидува дека ќе ги разреши оние ситуации кои настануваат со неназначувањето на нови уредници и немањето потписи за важни документи потребни за непречено функционирање на куќата, а со кои бевме запознати во изминатите седници на советот.
Претседателката исто така истакна дека истиот претставува општ акт согласно Сатутот на МРТ, и е во надлежност на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Правилникот за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■**Правилникот за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за утврдување критериуми за вработување и унапредување на даватели на услуги во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Правилник за видео надзор во ЈРП МРТ.**
Љубица Пуцаревиќ раководител на секторот логистика во МРТ пред присутните членови ја објасни потребата од носење на еден ваков Правилник за видео надзор во ЈРП МРТ, и истакна дека истиот е изработен согласно укажувањата на Дирекцијата за заштита на лични податоци и по предходно извршен нивни испекциски надзор во просториите на МРТ.Правлникот е изготвен согласно законските прописи во државата.
Претседателката исто така истакна дека истиот претставува општ акт согласно Сатутот на МРТ и е во надлежност на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Правилникот за видео надзор во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■ **Правилникот за видео надзор во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за видео надзор во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 5:**Разгледување и усвојување на Упаство за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ.**
Љубица Пуцаревиќ раководител на секторот логистика во МРТ пред присутните членови ја објасни потребата од носење на едно вакво Упаство за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ,и истакна дека истото е дополнување на сите оние Правилници за користење и управување на службени возила во МРТ кои постојат и се донесени од предходните години,и дополни дека е изготвено согласно законските прописи во државата.
Претседателот на Надзорниот одбор Дарко Стефановски и членот на советот Златко Јанковски со став дека ова Упатство за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ предходно би требало процедурално да помине и на седница на Надзорниот одбор.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакна дека доколку се прочита ова Упаство за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ ќе увидите дека истото се занимава само со процедурата за користење и управување на службени возила и дека нема никакви финансиски инпликации за да биде предмет на предходно разгледување на седница на Надзорниот одбор.
Претседателката на советот исто така истакна дека истиот претставува општ акт согласно Сатутот на МРТ и е во надлежност на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Упатство за користење и управување на службени возила во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■ **Упатсвото за користење и управување на службени возила во ЈРП МРТ** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Упатство за користење и управување на службени возила во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоено** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6: Разно.**

По оваа точка беше договорено наредната седница на Програмскиот совет да се разгледуваат Информациите за Музичката продукција и Информацијата за рејтингот на гледанос на МТВ, што советот ги побара на предходните седници.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател